ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И
МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

# МУЗЕЈСКИ ЛЕТОПИС

## (ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ПО ПОВОД 65 ГОДИНИ „ЗАВОД И МУЗЕЈ” - СТРУМИЦА)

Струмица
2017

УДК 94:81`373.21 (497.7) “652”

**проф. д-р ВОЈИСЛАВ САРАКИНСКИ**
**проф. д-р ВАНЧО ЃОРЃИЕВ**
Филозофски факултет – Институт за историја,
Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј‘‘ – Скопје

# ПОВТОРНО ЗА ОРБЕЛОС – ПРИЛОГ КОН ТОПОНИМИЈАТА НА АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА –

Во севкупниот корпус пишани извори од античко време, планина по име Орбелос се јавува само во седум попатни спомнувања. Неволјата да биде поголема, тема на овие спомнувања никогаш не е планината сама за себе; Орбелос најчесто се спомнува како географска одредница, граница, како определница за воени дејствија или пак, го дава контекстот за детали од животот на околното население.

Најстариот податок за планината Орбелос е запишан кај Херодот (484-424 ст.е.):

Столбовите на кои е поставена платформата најпрвин, секако, ги поставиле сите луѓе заедно, но потоа се установил обичај и ги поставуваат вака: тој што се жени, за секоја жена – а секој си доведува по многу жени – мора да донесе три греди од планината што се вика Орбел и да ги постави. А таму живеат на тој начин што секој на платформата си има своја колиба во која живее со семејството. Колибата има врата, всушност капак на платформата, што води надолу кон езерото. Малите деца, од страв да не им се стркалаат во водата, ги врзуваат со јаже за ножето[1].

Следува податокот во „Историската библиотека“ на Диодор од Сицилија (I век ст.е.):

Во Македонија, пак, Касандар му помогнал на Аудолеонт, басилејот на Пајонците, кој војувал против Аутаријатите. Него го спасил од опасноста, а Аутаријатите, заедно со децата и жените што ги придружувале – сè на сè дваесет илјади луѓе – ги населил близу планината наречена Орбелос. Додека тој се занимавал со овие нешта, на Пелопонес се одметнал

[1] Hdt. 5.16.2-3; преводот е преземен од изданието Херодотова историја, превод од старогрчки, предговор, белешки за писателот и делото, коментари на текстот Даница Чадиковска, Зумпрес, Скопје, 1998. За Б. Геров и Г. Митрев, сосем е извесно дека извадокот се однесува на планината Беласица: v. Б. Геров, „Проучвания върху западнотракийските земи през римско време”. ГСУ ФФ 54.3, 1961, 167; G. Mitrev, “‘Orbelia’ und ‘makedonische Parorbelia’ in den Quellen und in der Historiographie”. Karasura: Untersuchungen zur Geschichte und Kultur des alten Thrakien 1, 2001, 257; и повторно G. Mitrev, “The Valley of the Strouma River in Antiquity”. Advances in Bulgarian Science 2014, Sofia, 2015, 7 sqq. Сепак, од самиот текст е очигледно дека ништо во овој извадок не упатува на поблиска идентификација на Орбелос не само со Беласица туку и со која и да е друга планина.

Птолемај, воениот заповедник на Антигон; нему му била доверена значителна воена сила, но се налутил зашто мислел дека не го почитуваат колку што навистина заслужува, па склучил сојуз со Касандар.[2].

Третиот податок се наоѓа во седмата книга од „Географијата“ на Страбон (~64 ст.е.-~24 н.е.), која е зачувана само во одломки. Страбон не зборува за планината Орбелос, но ја спомнува областа (Пар)орбелија која, според логиката на нештата, се наоѓала во непосредна близина на планината:

Крај брегот на Стримон, во земјата на Датените се наоѓаат градовите Неапол и Датон. Тие имаат плодородни полиња, езеро, реки, пристаништа и богати златни рудници; оттука произлегува и поговорката „Датон од убавини“, која значи исто што и „изобилство од благослови“. Од другата страна на Стримон, близу Датон и морскиот брег, живеат Одоманти, Едонци и Бисалти – и домородни, и доселени од Македонија – кај кои прв завладеал Ресос. Над Амфипол и угоре сè до Хераклеја, во една плодородна долина живеат Бисалтите; долината на два дела ја сече Стримон, кој извира во земјата на Агријаните што живеат околу Родопите. Веднаш до Бисалтите лежи Парорбелија, македонска област, во чија долга долина што почнува од Ејдомене лежат градовите Калипол, Ортопол, Филипопол и Гареск. Ако се оди угоре по Стримон, се доаѓа до Берге, исто во земјата на Бисалтите, која лежи на двеста стадии од Амфипол[3].

Четвртиот податок е зачуван кај римскиот географ Помпониј Мела (?-~45 н.е.):

[Тракија] не испушта многу реки до морето, а од оние што ги испушта, најпознати се Хебар, Нестос и Стримон. Внатрешноста крепи доста планини, како Хајмос, Родопе и Орбелос, прочуени по светите обреди

---

[2] Diod. 20.19.1-2; извадокот го следи текстот на изданието Diodori Bibliotheca Historica, Vol. 4-5. Ediderunt Immanuel Bekker, Ludwig Dindorf, Friedrich Vogel und Kurt Theodor Fischer. Lipsiae: In aedibus B. G. Teubneri, 1903-1906. Mitrev, Orbelia' und 'makedonische Parorbelia'..., цени дека Диодор ја постава планината Орбелос на границата меѓу Македонија и Пајонија. Ова не се гледа во самиот текст на Диодор, но дури и да произлегува од контекстот на целото парче (за што повторно може да се расправа) останува прашањето – на која точно Пајонија мисли Диодор во I век ст.е.? Тој пишува две столетија по политичкото обединување на македонското кралство, што го довршил Филип II – време во кое Пајонија како топоним се спомнува само во делата на историографите и географите, а нема никакво политичко, општествено или културолошко значење.

[3] Strab. 7, fr. 36; извадокот е даден според изданието Strabonis Geographica, ed. A. Meineke. Lipsiae: in aedibus B. G. Teubneri, 1877. Од поширокиот контекст на извадокот произлегуваат два несекојдневни заклучоци – дека Орбелос ја означува границата на Македонија кон север, и дека е една од најважните планини од линијата Бертиск–Скардос–Родопа–Хајмос. Но, Орбелос не може да биде граница ниту на географска ниту на етничка Македонија кон север, зашто се наоѓа премногу далеку на југ; тој може да означува само граница на некоја политичка, етно-културна или чисто административна единица, но не знаеме на што точно мисли Страбон. Понатаму, Орбелос тешко може да се вброи меѓу планините од редот на Стара Планина и Шарпланинскиот масив, кој во антиката ги опфаќал сите планини од Галичица и Јабланица на југ, до денешна Шар Планина на север. Очигледно е дека Страбон – или, што е поверојатно, неговиот епитоматор од X век – не ја познавал ниту конфигурацијата на теренот што се опишува, а уште помалку античката топонимија на овој простор.

на Таткото Либер и собирањата на Мајнадите што прв ги воведе Орфеј. Од овие планини, Хајмос се крева толку високо, што од неговиот врв се гледааат и Јадранското, и Црното море[4].

Следува податокот зачуван во „Природознанието“ на Плиниј Постариот (23-79 н.е.):

Следуваат планините Родопа, Скопиј и Орбел, пред чии падини се населени жителите на Аретуса, Антиохија, Идомене, Добер, Астрајон, Аланта, Аударист, Морил, Гареск, потоа Линкестите, Отрионите, па слободните Амантијци и Орести; колониите Булис и Дион, Ксилопол, слободните Скотусајци, па Хераклеја Синтика, Тимфаја и Торона[5].

Претпоследниот, шести податок се наоѓа при самиот почеток на „Анабасата“ на Аријан од Никомедија (~86-~160 н.е.):

Потоа Александар се врати во Македонија за да се подготвува за походот на Азија. Напролет, тој се упати кон Тракија, против Трибалите и Илирите; знаеше дека Илирите и Трибалите се воинствени, а бидејќи наедно му беа и соседи, не мислеше дека треба да ги остави пред да замине толку далеку од дома без сосема да ги покори. Тракија, територијата на независните Тракијци, ја нападна почнувајќи од Амфипол, лево од кој се наоѓа Филипопол и планината Орбел. Потоа, како што кажуваат историчарите, ја премина реката Нестос и за десет дена пристигна кај планината Хајмос[6].

Најпосле, планината Орбелос се спомнува во „Географијата“ на Клавдиј Птолемај (~100-~170 н.е.):

Горна Мезија на запад се граничи со Дарданија, и тоа по споменатата линија што оди од свиокот на реката Сава до планината Скардос; на југ, пак, се граничи со Македонија, по линијата определена од планината Орбелос[7].

[4] Pomp. Melae De chor. 2.17, според изданието Pomponii Melae De chorographia libri tres. Lipsiae: in aedibus B. G. Teubneri, 1880. Иако е една од трите планини во Тракија [sic] спомнати по име, Помпониј Мела не кажува ништо подетално за точната местоположба на Орбелос. За илустрација на степенот на научна акрибија на Помпониј Мела, cf. O. A. W. Dilke, “Geographical perceptions of the North in Pomponius Mela and Ptolemy”, Arctic 37 no.4, 1984, 347-351; Andrew H. Merrills, History and geography in late antiquity, Cambridge University Press, 2005, 117 sqq.; како и предговорот и коментарите на Ромер во F. E. Romer, Pomponius Mela's description of the world, University of Michigan Press, 1998.

[5] Plin. NH 4.17 (10.), според изданието C. Plini Secundi Naturalis Historia, ed. Karl Friedrich Theodor Mayhoff. Lipsiae: in aedibus B. G. Teubneri, 1906. Според Mitrev, ‘Orbelia’ und ‘makedonische Parorbelia’..., Плиниј тврди дека Орбелос се наоѓал „близу Македонија“; ова може да е само современо толкување, а не и изворен податок, зашто во оригиналниот текст нема никаква определница дали Орбел е во, близу или надвор од Македонија.

[6] Arr. Anab. 1.1.. Преводот е преземен од изданието: Аријан, Александровата анабаса, во превод од старогрчки на д-р Маргарита Бузалковска-Алексова, Патрија, Скопје, 2000. Според Колар, Геров и Митрев, извадокот се однесува на јужните падини на планината Пирин; проблематично е тоа што не знаеме што сè, во античко време, се подразбирало под Пирин, и кои се всушност јужните падини на кои мисли Аријан. На ова прашање ќе се осврнеме и подолу во текстот. Cf. P. Collart, Philippes, ville de Macédoine depuis ses origines jusqu'à la fin de l'époque romaine. Paris: E. de Boccard, 1937, 187; Геров, Проучвания върху западнотракийските земи..., 167; Mitrev, ‘Orbelia’ und ‘makedonische Parorbelia’..., 257.

[7] Ptol. 3.9.1., според изданието Cl. Ptolemaei Geographia, e codicibus recognovit, prolegomenis, annotatione, indicibus, tabulis instruxit Carolus Müllerus. Scriptorum graecorum bibliotheca. F. Didot: 1901. Птолемај го

Природата на зачуваните извадоци е таква, што уште на прв поглед станува јасно зошто научниците сè уште расправаат која денешна планина е Орбелос. Всушност, проблемот не завршува само со Орбелос туку се прелева и врз безмалку сите топоними во неговата околина: планината Керкина, езерата долж течението на Стримон, градовите Гортинија, Добер и Ејдомене, областа Орбелија / Парорбелија и четирите града во неа, а најпосле и врз местоположбата на градот Датон. Проблемот ниту е единствен ниту пак невиден досега[8]. Како и во многу други случаи, и тука располагаме со крајно фрагментарни сведоштва, кои по својата природа се емпириски, а не теориски, што значи дека зависеле од непосредното искуство и увидот во околината што го имале авторите; низ вековите, тие се толкувале и се пренесувале во научен контекст, најчесто од автори што немале непосреден увид во територијата, туку механички пренесувале туѓи сознанија. Ова произлегува од фактот што, дури и во општи рамки, географските проучувања во антиката следеле сосем поинаква методологија од онаа што ја следиме денес; т.н „автопсија", личното искуство што ни е бесценето во делата на Херодот, Тукидид и Полибиј, никогаш не станало нужен предуслов за географските иследувања во античките дела. Да се критикуваат античките автори зашто не ги посетиле лично местата што ги опишуваат би било анахроно и, во крајна линија, бесцелно; авторите треба да се набљудуваат во контекст на критериумите од нивното совремие, а во овој случај – тие критериуми не подразбирале лично искуство[9].

сместува Орбелос на границата меѓу провинциите Горна Мезија и Македонија, што им противречи на сите други автори пред него, а освен тоа е и крајно нелогично од географска, политичка и историска гледна точка; v. A. Mócsy, Pannonia and Upper Moesia: A History of the Middle Danube Provinces of the Roman Empire. London: Routledge & K. Paul, 1974. Сосем е веројатно дека и Птолемај, како и Страбон или неговиот епитоматор, немаат јасна претстава за територијата што ја опишуваат, а се служат со податоци од други автори, кои не можат да си ги претстават и да ги разберат во целост. Cf. Геров, Проучвания върху западнотракийските земи..., 168; Mitrev, 'Orbelia' und 'makedonische Parorbelia'..., 257.

[8] Доволно е да потсетиме на еден појасно разграничен и подобро посведочен планински венец – кој, згора на тоа, се наоѓа и многу поблиску до срцевината на македонското кралство – а сепак предизвикува слични недоумици. Јужниот огранок на Баба планина во денешна Грција се нарекува Varnountas или Peristeri, планината Ниџе е Voras, а Нередска Планина се нарекува Verno. Денешната состојба произлегува од античките сведоштва за оваа територија, во кои различни делови од овој планински систем – кој почнува од Баба и Пајак планина, а оди сè до Турла и Вунаса, во висина на Гревена и Трикала на југ – се нарекува со различни имиња: кај Ливиј (45.29.8) неговото име е Borras, кај Диодор (31.7-8) се нарекува Bernon, а кај Херодот (8.138) и Страбон (7, fr. 25) името е Bermion. За овој проблем, cf. Π. Γ. Παπακωνσταντίνου, Ιστορική τε και γεωγραφική έρευνα περί του πυρήνος του Αρχαίου Μακεδονικού Βασιλείου ήτοι της Ημαθίας. Εν Αθήναις: Τυπογραφείον Γεωργίου Σ. Σταυριανού, 1888, 11-12, кој ги толкува спомнувањата во изворите и дава преглед на главните картографски претпоставки и теории од негово време.

[9] За овој и за други слични проблеми од античката географија и топономастика, cf. A. Dan, "Between the Euxine and the Adriatic Seas: ancient representations of the Ister (Danube River) and the Haemus (Balkan mountains) as frames of modern south-eastern Europe." Proceedings of the Fifth International Congress on Black Sea Antiquities (Belgrade, 17-21 September 2013), 131–150. Во основа, дури и автопсијата на Херодот е крајно проблематична. Во бугарската историографска традиција, посетата на Херодот на тракомакедонското крајбрежје се зема како востановен факт: cf. А. Фол, „Проучвания върху гръцките извори за Древна Тракия. Тракийският логос на Херодот". ГСУ ИФ, т. LXVII (1973-1974), 7–26; Alexander Fol, Thrace & the Thracians. New York: St. Martin's Press, 1977, како и цела низа од последователни истражувачи, заклучно со Mitrev, The Valley of the Strouma River... и M. I. Vasilev, The Policy of Darius and

Во обид да ги подреди изворите во некаков целесообразен систем, Митрев ги дели податоците на две групи, зависно од времето од кое потекнуваат[10]. Според него, првата група изворни сведоштва ги опфаќа само податоците од „Историјата“ на Херодот, а втората – податоците на историографите и географите од римско време. Според авторот, се добива впечаток дека Херодот беспоговорно пишува за Беласица, а дека изворите од римско време се однесуваат на планински венец кој тешко може да е Беласица; затоа, останува простор за спекулација дека името Орбелос било мобилно, и дека во римско време се префрлило од Беласица на друга планина или планински венец. Ова не само што не е многу веројатно туку и не постои никаков начин да се докаже. Природата на подоцнежните податоци може да се објасни многу поедноставно: авторите од римско време ниту имале непосреден увид и искуство од овој терен ниту пак географските поими како Пајонија, па дури и Македонија и Тракија, во нивно време ја имале истата тежина и истото политичко значење како во времето на Херодот[11]. Значи, поверојатно е да се претпостави не дека името се префрлило туку дека непосредниот увид во нештата кај секој нареден извор станувал сѐ послаб, а податоците се пренесувале механички, до одреден момент кога престанале да бидат точни.

Штом работите стојат така, сосем е разбирливо што секој истражувач ги толкува изворите од сопствена гледна точка, а од нив го извлекува она што му треба за да ги потврди своите согледувања. Сепак, претпоставките за Орбелос и околните топоними можат да се подредат по неколку поголеми правци на размислување. Во продолжение, ќе ги разгледаме најважните.

Според една група истражувачи, изворните податоци дозволуваат да има две планини со име Орбелос; според оваа претпоставка, едната од нив би била Беласица, а другата би се наоѓала на север од неа и, веројатно, би била Осогово. Литературата е тешко достапна; колку што можевме да провериме, оваа претпоставка за првпат е изнесена во

Xerxes Towards Thrace and Macedonia, Leiden-Brill, 2015. Со оваа линија на размислување се согласува и В. Соколовска, „Дали е Прасијада Бутковско езеро и Дисорон Круша планина?“, Patrimonium.mk VI, 31–36. За поинакво мислење, v. В. Саракински, Persomacedonica: Македонија и Персија пред Александар, Филозофски Факултет Скопје, 2013, 301, со список и толкување на литературата за ова прашање.

[10] V. Mitrev, ‘Orbelia’ und ‘makedonische Parorbelia’..., 257.

[11] Впечатлив пример за ова може да се прочита кај G. Mitrev, “On the Borders and Urban Territory of Heraclea Sintica”. ‘Heraclea Sintica: from Hellenistic Polis to Roman Civitas’ (4th c. BC – 6th c. AD). Proceedings of a Conference at Petrich, Bulgaria, September 19-21, 2013. Volume 2, Sofia, 47–53. Имено, Тит Ливиј (26.25.3) спомнува град со име Синтија, но тврди дека станува збор за „дардански град близу границата со Македонија“, кој паднал во рацете на Филип V во 212 ст.е. Тит Ливиј не воспостава никаква врска меѓу Синтија и неодамна откриената Хераклеја Синтика над Рупелската клисура, но одредени податоци кај Стефан од Бисантиј навестуваат дека римскиот историограф, веројатно мислел токму на Хераклеја Синтика. Имено, тој спомнува град со име Синтија кој се наоѓа не во Дарданија, туку во Македонија, и тоа близу границата со Тракија (ed. Meineke 1849, 570.10); H. Kiepert (Neuer Atlas von Hellas und den hellenischen Colonien in 15 Blätter. Berlin: Nicolaische Verlagsbuchhandlung, 1872), го става градот кај Петрич, со што повторно би станувало збор за Хераклеја Синтика – а тоа е мошне далеку од Дарданците и нивните населби, со кои започна овој пасус.

делото на Попо и во неговиот англиски превод, но успева да се одржи уште најмалку едно столетие. Во основа, ние цениме дека Осоговските планини лежат премногу далеку на север, за да имаат позначаен удел во политичките собитија што се отсликани во античките извори. Останува и проблемот на именувањето на планините меѓу наводните две планини со истоветното име Орбелос – дали Огражден, Плачковица и Голак треба да ги сметаме за посебни планини, или се подредуваат под една од двете веќе спомнати?[12]

Слична, но не и сосем иста, е претпоставката на Самсарис, со која начелно се согласува и Канацулис. Според нив, големиот планински венец кој во изворите се нарекува Орбелос, а наводно се протегал меѓу Скардос (Шар Планина) и Скомброс (Витоша), се состоел од два ограноци – југозападен, кој би ја претставувал планината Керкина на Тукидид, и источен, меѓу Стримон и Нестос, кој би го претставувал Орбелос на Аријан. Самсарис тука ги вбројува и Дисорон и Бертиск, кого го идентификува со денешниот Бертиск над езерата Болбе (Бешичко) и Коронеја (Лагадинско Езеро), во правец на Дисорон (Круша). Ова решение има одредена логика на теренот, но очигледно има за цел да го оправда Страбон и да објасни како може, безмалку, сите планини од Шарпланинскиот масив до Пирин да се нарекуваат со групното име Орбелос – состојба што не е потврдена во ниту еден друг извор[13]. Во слична насока размислува и Геров кој, веројатно, сака да ја одбегне ситуацијата во која две планини би носеле исто име, па затоа претполага дека Орбелос во најрано време навистина ја означувал Беласица, но дека авторите од римско време немале доволно познавања од внатрешноста на Тракија и Македонија, па ги измешале имињата на планините меѓу Нестос и Аксиј. Ова е можеби веројатно, но не дава одговор на прашањето – која планина е Орбелос, макар и само во римските извори[14].

Следува претпоставката според која Орбелос е име на јужните падини на Пирин планина, теза што му изгледа веројатна на Киперт, а целосно ја прифаќаат Кацаров и Дечев[15]. Во најново време,

[12] E. F. Poppo, Poppo's Prolegomena on the peculiarities of Thucydidean phraseology, trans. by G. Burges. Cambridge: Hall, 1837; N. Vulić, "Severna granica antičke Makedonije". Bulić, F., Abramić, M., & Hoffiller, V. (eds.). Bulićev zbornik: Naučni prilozi posvećeni Franu Buliću prigodom LXXXV. godišnjice njegova života od učenika i prijatelja, IV. oktobra MCMXXI. Zagreb: štampala zaklada tiskare "Narodnih novina" u Zagrebu, 1924, 237–247; cf. H. Kiepert, Formae orbis antiqui. 36 Karten mit kritischem Text und Quellenangabe zu jeder Karte. Berlin: Reimer, 1924.

[13] Δ. Κ. Σαμσάρης, (1976). Ιστορική Γεωγραφία της Ανατολικής Μακεδονίας κατά την Αρχαιότητα, Θεσσαλονίκη: Εταιρεία Μακεδονικών Σπουδών, 1976; cf. критичкиот приказ на Δ. Κανατσούλης, "Δημητρίου Κ. Σαμσάρη Ιστορική γεωγραφία της Ανατολικής Μακεδονίας κατά την αρχαιότητα", Μακεδονικά 16, 1976, 401–405.

[14] Геров, Проучвания върху западнотракийските земи..., 168; *cf.* Mitrev, 'Orbelia' und 'makedonische Parorbelia'..., 259.

[15] Kiepert, Formae orbis antiqui; cf. Г. И. Кацаров, Пеония. Принос към старата етнография и история на Македония. Географска библиотека 3. София: Българско географско дружество, 1921, 6; D. Detschew, D. (1954). "Ein neuer Brief des Kaisers Antoninus Pius". Jahreshefte des österreichischen archäologischen

поддржана е од Дан која, како што изгледа, само ги користи и ги пренесува ставовите на Спиридонов. Но, „јужните падини на Пирин“ се, веројатно, најшироката можна референца во античките извори. Дали станува збор за јужните падини на Пирин Планина, онака како што ја дефинираме денес? Погоре видовме дека има претпоставки според кои под Пирин Планина се вбројува безмалку секоја височинка под Рупелската Клисура, вклучително и самиот Пирин, Серски Боздаг (Змијница, Меникион), Драмски Боздаг (Мраморица, Фалакро), Али Ботуш (Славјанка), и надолу сè до Пангај (Крушница). Во секоја претпоставка што се потпира врз ваква географска одредница би требало точно да се наведе – на кои јужни падини, и на кој Пирин се мисли; инаку, Орбелос ќе треба да се бара долж целиот потег од Дојранското Езеро на север, до Стримонскиот Залив на југ[16]. Има и истражувачи кои точно определуваат што подразбираат под „јужни планини на Пирин“: според нив, Орбелос е Серски Боздаг/Змијница/Меникион, којшто некои автори го сметаат за засебна планина, а некои, пак, за јужен огранок на Пирин. Во последниве се вбројува В. Соколовска, која во три наврати го идентификува Меникион со Орбелос, а Беласица со Керкина, и тоа врз основа на одредени податоци од хеленистичко време, на култниот статус на Орбелос и на еден епиграфски наод[17]. За Самсарис, пак, во еден подоцнежен труд, Орбелос е исклучиво Меникион, со што се откажува од претпоставката во неговата „Географија“, објавена само шест години претходно[18].

Останува да се разгледа најчесто спомнуваната и најшироко прифатената претпоставка – дека Орбелос е денешната Беласица, гледиште што го застапуваат Зиглин, Трухелка, Георгиев, Папазоглу, и по нив уште многумина други[19]. Идентификацијата на Орбелос со Беласица, главно, се темели врз податокот на Херодот за близината на езерото Прасијада и за користењето на тамошната дрвна граѓа за наколната населба; дополнителен аргумент е приказната за почетокот на походот на Александар против автономните Тракијци, при кој Орбелос и неидентификуваниот Филипопол (или можеби Филипи) мора да останат

Institutes 41 (1954), 113.

[16] cf. A. Dan, Between the Euxine and the Adriatic Seas...; T. Spiridonov, “La marche d’Alexandre le Grand en Thrace antique et les tribus entre Stara planina et le Danube“, Thracia 4 (1977), 225–235.

[17] В. Соколовска, „Да ли je Прасијада Бутковско језеро и Дисорон Круша планина?” Старинар XXXVII (1978), Београд: 175–178; V. Sokolovska, “Is Prasias lake Butkovo and is Disoron mount Krusa?”. Πρακτικά Διεθνούς Συνεδρίου για την αρχαία Θεσσαλία στη μνήμη του Δημήτρη Ρ. Θεοχάρη, Ταμείο Αρχαιολογικών Πόρων, Αθήνα, 1992, 333–336; В. Соколовска, „Дали е Прасијада Бутковско езеро и Дисорон Круша планина?“. Patrimonium.mk VI (2013), 31–36.

[18] D. Samsaris,“Les Péoniens dans la vallée du Bas-Strymon”. Klio 64.1-2 (1982), 341.

[19] Ć. Truhelka, “Arheološke beleške iz Južne Srbije”. Glasnik Skopskog naučnog društva V (1929), 72; W. Sieglin, Schulatlas zur Geschichte des Altertums. 6. unveränd. Aufl. Gotha: Justus Perthes, 1935; V. Georgiev, “Bergnamen und ethnische Schichten der Balkanhalbinsel”. Berichte des X. Internationalen Kongreßes für Namensforschung (8.–13. September 1969), Hague, 33; F. Papazoglou, Les villes de Macédoine à l'époque romaine. BCH Suppl. 16. Athènes: Ecole française d'Athènes, 1988, esp. 346 sqq.

„од левата страна“. Дел од бугарските истражувачи ја оправдуваат оваа идентификација и со лингвистичко иследување на името на планината, при што Георгиев го толкува како „Бела планина“ (што би значело дека „Беласица“ е само превод или калк на античкото име на планината), а Митрев, пак, го толкува името како „праг, препрека“, и го постава во контекст на наводното хеленско посегање по северот[20]. Оние што се противат на ваквата локализација го спомнуваат податокот на Тукидид за походот на Ситалк во Македонија или, поточно, делот што го опишува минувањето на Ситалк крај планината Керкина[21].

Во најново време, претпоставката дека Орбелос е Беласица ја застапува Митрев[22], кој дава детален осврт врз географските, политичките и општествените собитија. Тој тврди дека во античко време единечните планини, веројатно, важеле за една единствена целина, па така и височините на Смрдеш, Плавуш и Благуш Планина треба да се набљудуваат само во контекст на Беласица; дека Малешевските планини се една целина со Огражден, а дека за Пирин треба да се врзат и Сенгелска/Ченгел планина, Али Ботуш, Драмски Боздаг (Мраморица, Фалакро) и Серски Боздаг (Змијница, Меникион). И Геров, и Митрев потцртуваат дека, поради скудните познавања на околината, авторите од римско време сосем лесно можеле името на Орбелос да го префрлат од еден на друг дел, од еден ист планински венец, каков што е спомнатиот. Па сепак, многупати во историјата се случувало и спротивното – една планина да има повеќе забележани имиња, зависно од страната од која ѝ се пристапува, од населението што ја именува, како и од низа други политички, општествени и културни чинители. Добар пример за ова е планината Бојон – инаку дел од планинскиот масив Пинд – за која Страбон вели дека Бојон ѝ е општото, заедничко име, но дека сите нејзини делови имаат по повеќе имиња[23]. Митрев се впушта и во анализа на поимот Орбелос, за кој претпоставува значење „планински праг, препрека, граница“, а го врзува со средновековниот поим Балатиста кај Кедрен[24], наводно со истото значење како и Беласица; просторот не ни дозволува да се осврнеме и врз лингвистичката анализа на поимот, но секако, го задржуваме правото да му се вратиме на овој проблем во првата наредна прилика. На ова место, доволно е да се каже дека, според Митрев, ова „планинско упориште“ или „препрека“ се состоела од Беласица, Смрдеш, Плавуш, Благуш и, на исток, јужните падини на Пирин, Али Ботуш и

[20] cf. Mitrev, ‘Orbelia’ und ‘makedonische Parorbelia’, 259.
[21] Thuc. 2.98.: „Откако сè беше подготвено, тргна против Македонија, најпрвин одејќи низ сопствената земја, а потоа преку ненаселената гора Керкина, која лежи на меѓата на Синтите и Пајонците“.
[22] Mitrev, ‘Orbelia’ und ‘makedonische Parorbelia’..., passim.
[23] Strab. 7, fr.6; cf. Kiepert, Neuer Atlas von Hellas... XV; Παπακωνσταντίνου, Ιστορική τε και γεωγραφική έρευνα..., 13-14.
[24] Georg. Kedr. 458; cf. ГИБИ 6, 284.

Сенгелска Планина, но не и Пирин во вистинска смисла на зборот – значи, практично сета планинска маса од Пајонија на запад, до Родопите на Исток[25].

Останува да го довршиме списокот толкувања и претпоставки со топонимите што се неразделно врзани за Орбелос и за неговата околина – планината Керкина и двете антички езера долж течението на реката Стримон, кои на картите од поново време се нарекуваат Бутковско и Тахинско езеро. Во досегашната историографска литература, планината Керкина е неразделно врзана со походот на тракискиот басилеј Ситалк кон Македонија во 429 ст.е. Главно врз основа на текстот на Тукидид, и тука се искажани најразлични претпоставки. Една од тие претпоставки, очекувано, е дека Керкина е планината Беласица. Ова го претпоставуваат Геблер, Гајер, Киперт, Кацаров, Хонигман и Макаронас, кои претполагаат дека градот Добер треба да се бара во околината на денешно Валандово, а дека Керкина е Беласица, или поточно нејзиното западно подножје – Благуш планина. Митрев мисли дека сите овие истражувачи не се согласуваат со идентификацијата на Беласица со Орбелос само поради градот Добер и неговата местоположба; подолу ќе разгледаме дали тоа е навистина така.[26]

Други автори предлагаат поинакви решенија. Во атласот на Зиглин, кај Дечев, кај Оберхумер и кај Геров Керкина е идентификувана со Огражден[27]. Од друга страна, врз основа на патниот правец по кој напредувал Ситалк, Митрев претпоставува дека станува збор за заедничко име за Малешевските планини и Огражден[28]. Најпосле, Киперт мисли дека Керкина е Плачковица, а Дел, пак, ја идентификува со Пирин[29]. И овој проблем е очекуван. Освен што се наоѓа прилично далеку на север за да биде дел од секојдневниот светоглед на хеленските автори, Огражден – во споредба, на пример, со Беласица – е сразмерно послабо диференциран од околината; гледан од југозапад, тој се издвојува како посебна планина, но од сите други страни се слева во Плачковица и Голак и, најпосле, во Осоговските планини на север.

Низата од претпоставки ја завршуваме со езерата на реката Стримон, за кои научниците само навидум се едногласни. Како илустрација ќе го спомнеме Сиклер, кој цени дека Прасијада и Болбе се истото езеро – иако Болбе се наоѓа на Халкидик, а Прасијада мора да е

[25] Mitrev, ‘Orbelia’ und ‘makedonische Parorbelia’..., 260.
[26] Детален приказ на литературата за ова прашање дава Papazoglu, Les villes de Macédoine..., 346–348. За аргументацијата, cf. Mitrev, ‘Orbelia’ und ‘makedonische Parorbelia’..., 259.
[27] Sieglin, Schulatlas zur Geschichte des Altertums; другите мислења се прикажани кај Геров, Проучвания върху западнотракийските земи..., и наброени кај Mitrev, ‘Orbelia’ und ‘makedonische Parorbelia’..., 259.
[28] Mitrev, The Valley of the Strouma River..., 8.
[29] Kiepert, Formae orbis antiqui...; M. Döll, Studien zur Geographie des alten Makedoniens. Vol. 1, No. 6. J. & K. Mayr, 1891.

долж Стримон[30]. Следен во низата е Кузинери[31], кој мисли дека Прасијада е Дојранското езеро; да биде збрката поголема, притоа Дојранското Езеро го нарекува „Доберско“, а Прасијада е „Практијада“. Наспроти неколку правилни идентификации, истото го тврди и Самсарис, кој зборува за Прасијада, или „денешниот Дојран“[32]. Се чини дека научниот став што денес е највообичаен, главно, се заснова врз претпоставките на Лик и на Димица, кои недвосмислено ја врзуваат Прасијада со Амфипол и Стримон[33].

Ако добро ги разбираме изворите – а особено она што не ни го кажуваат самите, туку им се припишува од подоцнежните истражувачи – претпоставката дека Орбелос е Беласица се темели врз три главни аргументи: 1. близината на езерото Прасијада и користењето дрвна граѓа за наколната населба; 2. почетокот на походот на Александар против автономните Тракијци, при кој Орбелос и Филипопол (или Филипи) се „од левата страна“ и 3. името на планината, според Георгиев – „Бела планина“, а според Митрев – „праг“ или „препрека“.

Најпрвин, да се зафатиме со проблемот на езерата. Тукидид го опишува големото мочуришно езеро, јужно од Рупелската Клисура како to limnodes tou Strymonos[34] зашто, всушност, и не било ништо друго, туку мочуришно проширување на коритото на Стримон, чија големина зависела од годишното време, но никогаш не се изедначувала со самата река. Освен Стримон, во ова мочуришно езеро се влевала и помалата река Авгита, како и неколку потоци што се спуштале од блиските планински падини. Јужното езеро, пак, било „Стримонското езеро“ во вистинската смисла на зборот[35]; како што видовме и погоре, на неговите брегови се живеело во наколни населби, изградени од дрвна граѓа собрана од планината Орбелос.

Во наше време, долното течение на Стримон и неговото корито се неповратно сменети со планско сушење и мелиорација на земјиштето, со цел да се искорени маларијата и да се добијат нови парцели обработлива земја. Новата топографија на Стримон е голема пречка за да се разбере конфигурацијата на теренот во античко време. Според она што може да се изведе од изворите, извесно е дека во античко време на одредени делови од денешната рамнина имало едно или повеќе езера. Долното, Тахинско Езеро, денес е сосем исушено и од него нема трага, а горното течение

[30] F. Sickler, Handbuch der alten Geographie für Gymnasien und zum Selbstunterricht. Cassel: Bohne, 1824, 405.
[31] E. M. Cousinéry, Voyage dans la Macédoine contenant des recherches sur l'histoire, la géographie et les antiquités de ce pays. Paris: Imprimerie royale, 1831, 93.
[32] Samsaris, Les Péoniens..., 342.
[33] М. Г. Δήμιτσας, Αρχαία γεωγραφία της Μακεδονίας: Συνταχθείσα κατά τας πηγάς και τα βοηθήματα. Αθήνησι: Βιβλιοθήκη του προς Διάδοσιν των Ελληνικών Γραμμάτων Συλλόγου 1, 1870, 200 sqq.
[34] Thuc. 5.7.: „А самиот [Клеон] ги набљудуваше мочуришните предели околу Стримон и положбата на градот кон тракиската земја што лежеше околу него“.
[35] cf. W. M. Leake, Travels in Northern Greece, Volume 3. London: J. Rodwell, New Bond Street, 1835, 3.211.

на Стримон денес го зазема вештачкото езеро Керкинитис, за првпат наполнето во 1932, а обновено и проширено половина век подоцна[36]. Особени проблеми предизвикуваат современите еквиваленции на античките топоними, со кои беа заменети првичните словенски и турски топоними по Балканските војни. Некои од овие нови, а всушност, антички топоними, ја погодуваат целта – но, други се дадени произволно и не се темелат врз недвосмислени изворни сведоштва. Како пример, и опомена може да послужи токму темата на нашиов труд: имено, во денешна Грција постои планина која се нарекува Орвилос (Орбелос) – станува збор за Али Ботуш / Китка / Славјанка, а името е дадено без оглед на тоа дали Али Ботуш навистина е античкиот Орбелос[37].

Имињата на двете езера во Стримонскиот Басен се посебен проблем. Според Хамонд, а врз основа на веќе познатиот податок на Херодот, горното езеро се нарекувало Прасијада, а долното Керкинитида; гледано кон север, веднаш спроти Прасијада се протегал Орбелос, кој за Хамонд е Беласица, а жителите на наколните населби се Сиропајонци[38]. Но, се чини дека и самиот Хамонд не бил сосем убеден во својата претпоставка, зашто само неколку страни подолу дозволува дека името Орбелос може да се однесува на целиот планински венец во околината[39], и дека, ако се суди според состојбата од времето на Лик[40], Орбелос можеби треба да се бара долж потегот меѓу Рупелската Клисура и Родопите. Ако го направиме токму тоа, ќе сфатиме дека извор на дрвна граѓа може да биде секоја планина со поблаги падини што се наоѓа околу денешен Сер, од каде без никаков напор би можеле да се снабдуваат жителите на наколните населби на долното езеро. Современите истражувачи не ги земаат предвид овие планини, и тоа само зашто се убедени дека Прасијада е горното стримонско езеро; но, ако дозволиме дека Прасијада е долното, јужно стримонско езеро – а податоците дозволуваат да се размислува и во едната, и во другата насока – тогаш Орбелос може да се бара долж целиот источен крај од Стримонскиот Басен.

Ова е особено важно, зашто вториот цврст аргумент дека Орбелос е денешна Беласица наводно произлегува од текстот на Аријан. Да се потсетиме: во 335 ст.е. Александар тргнал од Амфипол кон Нестос, при што Орбелос и Филипи (или досега нелоцираниот Филипопол) му биле од левата страна. Хамонд го разгледува походот во ситни подробности, но – нешто што му се случува многупати, и на други места – го темели

[36] За сите детали во врска со ова езеро, cf. Ελευθερία-Λητώ Μυλωνά & Γεώργιος Καραμπέκος, Λίμνη Κερκίνη, PhD diss., TEI Δυτικής Μακεδονίας, 2004: http://anaktisis.teiwm.gr/5761/.

[37] Cf. Borza, “Some toponym problems...”, 62, чија опомена оди во истата насока: “Ancient/modern nomenclature equivalences, while occasionally helpful, should be used with caution, especially in a region where political and ethnic shifts have sometimes disturbed toponymic continuity”.

[38] Hammond, 1972: 193-195.

[39] Idem, 198-199.

[40] Leake, 1835: 211, 463, end map.

текстот врз приказна дека Александар тргнува од Македонија, од басенот на реката Ехедор (Галикос), и дека оттаму минува покрај јужните падини на Беласица и се спушта во Стримонскиот Басен. Но, Аријан јасно кажува дека Александар тргнува од Амфипол, и не сме убедени дека истражувачот има слобода да го емендира изворниот текст со првична цел да ја оправда сопствената идентификација на топонимите[41].

Ако прифатиме дека северното Стримонско Езеро е Керкинитида, тогаш станува сосем јасен уште еден податок на Аријан – дека Александар, движејќи се кон Хелеспонт, минал преку северниот коридор, под Беласица, покрај Керкинитида, преку Амфипол, и потоа од устието на Стримон кон Хелеспонт[42]. Борза цени дека најголем проблем во врска со ваквата идентификација е податокот на Херодот дека патот од Прасијада до Македонија, т.е. до македонското кралство на Аминта I е мошне кус[43]. Тој тврди дека најкусиот пат од Стримонскиот Басен до македонското кралство водел преку јужните падини на денешна Беласица; тоа е точно, но само ако патникот се наоѓа на брегот на северното стримонско езеро. Ако се наоѓа на кое било друго место во долното течение на Стримон, најкусиот пат за него би водел од устието на реката, преку северен Халкидик и коридорот на езерата Болбе и Коронеја; ако му се верува на Херодот, кој тврди дека е доволно да се мине преку планината Дисорон за да се стаса во Македонија, станува очигледно дека во текстот на Херодот е претставен јужниот патен правец, оној што води преку денешниот венец Дисорон–Кердилион, и дека воопшто не станува збор за северот и за коридорот под Беласица.

Дури и денешните етимолошки толкувања на името Орбелос тргнуваат од претпоставката дека станува збор за планината Беласица – што, според нас, е методолошки неоправдано[44]. Етимологиите на

[41] N. G. L. Hammond, A History of Macedonia I. Oxford: Clarendon Press, 1972, 198; cf. критиката на E. N. Borza, "Some toponym problems in eastern Macedonia". The Ancient History Bulletin 3.3-4 (1989), n. 5.

[42] Arr. 1.11.3.: „На самиот почеток на пролетта, Александар поведе поход во Хелеспонт, предводејќи пешадија со лесно вооружени војници и стрелци не повеќе од триесет илјади, и над пет илјади коњаници. Неговиот пат водеше покрај Керкинитис езеро кон Амфипол и делтата на реката Стримон. Откако ја премина реката Стримон, ја помина и планината Пангај, кон Абдера и Маронеја, грчки приморски градови". Преводот е на М. Бузалковска-Алексова, од изданието спомнато погоре. За ова, v. и Borza, Some toponym problems...; cf. B. Gerov, "Zum Problem der Wohnsitze der Triballer", Klio 63.1-2 (1981), 487 sqq., esp. n. 17.

[43] Hdt. 5.17.2.: „Од езерото Прасијада има еден сосем прек пат кон Македонија. Првото нешто што е до езерото е рудникот од кој подоцна на Александар секојдневно му доаѓало по еден талант сребро. По рудникот, зачекориш ли на планината која се вика Дисорон, веќе си во Македонија". Преводот е на Даница Чадиковска, според изданието наведено погоре.

[44] Освен Георгиев и Митрев, на кои тука ќе се осврнеме сосем кусо, за етимологијата на поимот Орбелос пишуваат и J. Zaimov, "Die bulgarische Onomastik als Spiegel des altbulgarischen und urslawischen Wortschatzes". Zeitschrift für Slawistik 21 (1), 1976, 806–813; S. Paliga, "'Thracian Terms for 'Township' and 'Fortress', and Related Place-Names". World Archaeology 19.1 (1987), 'Urbanization', 23–29; и K. Bošnakov, "Identification archéologique et historique de l'emporion de Pistiros en Thrace". Bulletin de correspondance hellénique 123.1 (1999), 319–329. На лингвистичката анализа на поимот ќе ѝ биде посветен одделен труд, а тука нека биде кажано само тоа, дека досега предложените етимолошки решенија ниту се убедливи ниту пак го одбегнуваат бремето на современите етнички идентификации, а во случајот на Палига, за жал, и

определени топоними се спекулативни дури и кога имаат идеална поткрепа во изворите, а не пак кога спекулираме дури и за тоа на која планина се однесува соодветниот топоним. Ова може одлично да се илустрира со претпоставката на Георгиев, кој ги изедначува поимите „Беласица“ и „Орбелос“. За да покаже дека и хеленското Орбелос, и словенското Беласица значат „Бела планина“ (sc. осамен и висок планински масив со снежни падини, кој доминира над поблиската околина), Георгиев влегува во спекулативна анализа која не ги почитува ниту правилата за зборообразување ниту пак синтаксата на старогрчкиот јазик. Претпоставката на Митрев, според кој Орбелос би значел „планински праг, препрека“ е поверојатна од лингвистичка гледна точка, но има други контекстуални проблеми. Митрев спекулира дека Беласица била препрека за подлабоко навлегување на Хелените кон внатрешноста на Балканскиот Полуостров. Во прв ред, таков обид воопшто не е типичен за хеленската колонизација, која на тракомакедонското крајбрежје се држи строго до линијата на брегот и сосем малку навлегува во внатрешноста; обид да се навлезе длабоко во внатрешноста не е забележан во изворите од класично време; а освен тоа, дури и да го имало, ваквите обиди обично ги следат теченијата на реките во нагорен правец. Ова значи дека, во ситуација кога може да се оди кон север по долината на Аксиј, Стримон, Нестос или Хебар и повторно да се навлезе во внатрешноста на Македонија или Тракија, Беласица не е сериозна пречка; таа не мора да се минува, зашто може и да се заобиколи.

Иако топонимијата е нејасна, а топографијата на Херодот е прилично непрецизна, сè упатува на тоа дека во извадокот на јонскиот историограф е опишан јужниот, а не северниот пат кон Македонија и дека, во содејство со податоците од Аријан и другите географи и историографи, Орбелос можеби треба да се бара појужно од Беласица. За нас беше доволно да го покажеме тоа, дека претпоставката според која Прасијада е северното Стримонско Езеро не се темели врз ниту еден изворен податок, туку е обична рефлексија на подоцнежните истражувачи – и дека е еднакво можно дека Прасијада е јужното Стримонско Езеро[45].

Ова ново равенство повлекува мошне интересна низа од последици. Ако северното езеро на Стримон е Керкинитида, а јужното

на политичката ангажираност.

[45] Дополнителен аспект на проблемот е и тоа, што на најголемиот број географски карти е претставено само едно издолжено езеро со несигурен и променлив облик, нешто што е сосема очекувано ако станува збор за мочуришна долина; cf., на пример, Rumeli-i şahane haritası. [Dersaadet]: Erkân-ı Harbiyye-i Umumi-yye da'iresi beşinci fen şubesi matbaası, 1901. Бидејќи рамнината долж Стримон е алувијална, нема начин да се утврди бројот на езерата врз база на геолошки истражувања, а и досегашните археолошки истражувања не се од голема помош. Сосем е можно и тоа дека станувало збор за едно слабо разграничено езеро долж Стримон, можеби пошироко на краевите, а потесно кон средината, кое имало различни имиња на север и на југ; но ова, иако е можно, уште помалку може да се докаже, па затоа и во овој труд се водиме по претпоставката за две стримонски езера. Cf. Borza, Some toponym problems..., 64.

Прасијада, тогаш:

1. Се избегнува крајно нелогичната ситуација планината Керкина да е Огражден, а да има соодветно „Керкинско езеро" дури на устието на Стримон во Егејското Море. Вака, езерото Керкинитида – северното стримонско езеро – е веднаш под јужните падини на планината Керкина, денешна Беласица.

2. Приказната на Херодот за напредувањето на персиската војска долж тракомакедонското крајбрежје добива внатрешна логика. Во извадокот, Херодот едноподруго зборува за Пајонците од Пангај и за Пајонците од Прасијада; ако Прасијада е горното езеро, тогаш Херодот скока од една персиска колона на друга, па повторно се враќа на првата, со што приказната е целосно испреметкана[46].

3. Се избегнува куриозитетот дека Орбелос имал гранична положба којашто, заведени од толкувањето на изворите, ја бараме кон север. Жителите на долното езеро се Сиропајонци, а Орбелос е граница кон т.н. стримонска Пајонија, која ја опишува Херодот, а ја толкува Самсарис[47].

4. Орбелос би требало да се наоѓа во круг на долното, јужно езеро. Денешниот Орвилос/Орбелос (Али Ботуш / Китка / Славјанка), е предалеку; месните жители не би оделе толку далеку на север, зашто би се снабдувале со дрвна граѓа од друго, поблиско место. Бидејќи на југ се наоѓа Пангајон (Кушиница), планина чие име е утврдено со сигурност – Орбелос може да биде само Меникион (Серски Боздаг / Змијница).

Секако, овој заклучок може да послужи само како почеток на иследувањето на уште неколку други теми – на пример, за местоположбата на Орбелија, Парорбелија и прочуениот плоден aulon со четирите досега неидентификувани града, за местоположбата на Добер во однос на планината Керкина, за хората на градот Датон, и уште многу други. Но, секоја од овие теми е проблем сам по себе, кој заслужува – и бара – посебен, можеби и пообемен труд од овој.

---

[46] За напредувањето на персиската војска во три колони до Терма, како и за низата топографски проблеми на теренот, v. C. J. Tuplin, "Xerxes' March from Doriscus to Therme", Historia: Zeitschrift für Alte Geschichte 52.4 (2003), 385-409.

[47] Samsaris, Les Péoniens dans la vallée du Bas-Strymon..., 341 sqq. "Bien qu'Herodote mentionne que la Péonie du Strymon était pleine de villes (πεπολισμένη, 8.115.3), nous ne connaissons pas d'autres agglomerations peoniennes à part les six dejà mentionnées (c'est-à-dire Siris, Zeleia, Ichnae, Doberos, Oreskeia, Tyntos), dont l'existence est attestée par les sources litteraires ou numismatiques." Cf. W. Smith, Dictionary of Greek and Roman geography in two volumes. Boston: Little, Brown and co., 1870, s.v. 'Orbelos', кој тврди дека Орбелос се наоѓа на границата на Македонија со Тракија; Соколовска, „Дали е Прасијада...", го анализира извадокот на Херодот за Пајонците од Пангај и околу Прасијада и претполага дека станува збор за Сиропајонците околу долното езеро.

**Vojislav Sarakinski, Vančo Gjorgijev**
Faculty of Philosophy, Institute of History,
University of Sts. Cyril and Methodius, Skopje

## Summary

Following an examination of the extant sources, as well as the problems of toponymy and topography, the authors argue that Lake Cercinitis – as several other scholars have proposed before – should be identified with the northern marshy lake on the lower course of the Strymon, and that the southern lake would then have to be Lake Prasias. This solution affects our understanding of places and events in several ways. (1) We avoid the contradictory situation of a Mount Cercine (allegedly Mt. Ograzden) far to the north and an appropriate Lake Cercinitis near the mouth of the Strymon. Lake Cercinitis - the northern strymonic lake - is now located just below the southern slopes of Mount Cercine, today's Mount Belasica. (2) Herodotus' account of the advance of the Persian army along the coast becomes geographically sound. In the extract, Herodotus speaks of the Paeonians of Pangaeum and continues with the Paeonians of Lake Prasias; if Prasias is the upper lake, then Herodotus jumps from one Persian column to another, and then returns to the first, making the story rather confusing. (3) We avoid the odd characterisation of Mount Orbelus as a boundary which, misled by the interpretation of our sources, we tend to look for up north. The inhabitants of the lower lake being Siropaiones, Orbelus would mark the border to the so-called Strymonic Paeonia, described by Herodotus. (4) Mount Orbelus must be located in the immediate vicinity of the lower / southern lake. Today's Orvilos / Orbelos (Ali Botus / Kitka / Slavjanka) lies too far to the north; local inhabitants would easily have had access to timber from a closer place. To the south lies Pangaeum (Kushinitsa), a mountain whose name has been established with certainty; thus, Mount Orbelus should be almost certainly be identified with Menoikio (Serski Bozdag / Zmijnica).

УРЕДНИЧКИ ОДБОР

м-р Васил Ѓоргиев-Ликин, главен уредник

членови:
Александар Цицимов
Живко Велковски
Радмила Ташева
Маргарита Атанасова
Славица Тасева,
Илија Сувариев
Ване П. Секулов
м-р Зоран Рујак
Василка Ѓеоргиева
Пенка Мишева
Бранко Ѓоргиев
Никола Маглешев
м-р Душко Цветанов

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

94(497.7)(082)

МУЗЕЈСКИ летопис : (зборник на трудови по повод 65 години „Завод и музеј "- Струмица) / [главен уредник Васил Ѓоргиев-Ликин]. - Струмица : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2017. - 164 стр. : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - На наспор. насл. стр.: Museum chronicle : (collec-tion of works on the occasion of 65th anniversary OF "Institute and Museum" - Strumica). - Библиографија кон трудовите. - Summary кон трудовите

ISBN 978-608-65524-9-7

а) Македонија - Историја - Зборници
COBISS.MK-ID 104657418